АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA E PUNËSIMIT E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 05-3836/4
28-11-2019

Друштво за внатрешна и надворешна трговија ТОЗ-МК ДОО
Бр. 05-2021/1
28.11.19 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 112 став 4 од Законот за јавните набавки (Службен весник на РМ бр.24/19) и Одлуката за избор на најповолна понуда од 07.11.2019 година, на ден 28.11.2019 година се склучува

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на стоки

### I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**, со седиште на ул.Васил Ѓоргов бр.43 - Скопје, застапувана од Директорот Билјана Јовановска (во понатамошниот текст: Договорен орган) од една страна,
   и
2. **Друштво за внатрешна и надворешна трговија ТОЗ-МК ДОО Скопје,** со седиште на ул.Трета Македонска Бригада бр.76–Скопје, застапувано од Управителот Илчо Петровски (во натамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна

### II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е набавка на стоки - канцелариски материјали за потребите на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија согласно техничките спецификации, содржани во тендерската документација за поедноставена отворена постапка по Оглас бр.09591/2019.

### III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Јазик на Договорот и на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е Македонскиот јазик.

### IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Единечните цени и количини на поединечните ставки се дадени во образецот на конечна понуда на Носителот на набавката од 04.11.2019 година (заведена под Наш Арх.бр.05-3836/3 од 27.11.2019 година), која е составен дел на овој Договор:

| Ред. Бр. | Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | **ПРОИЗВОДИ ОД ХАРТИЈА** | | | | | |
| 1 | Фотокопирна харија бела, А4 формат, минимум 1/500, 80г/м2 | топ | 6000 | 142.48 | 854,880.00 | 153,878.40 |
| 2 | Фотокопирна харија бела, А3 формат, минимум 1/500, 80г/м2 | топ | 100 | 336.43 | 33,643.00 | 6,055.74 |
| 3 | Корици картонски формат А4 за укоричување (во разни бои) во пакување од минимум 1/100 | пакување | 2 | 182.84 | 365.68 | 65.82 |
| 4 | Хартија за табла на ногарки, перфорирана, во пакување од минимум 1/20 | ролна | 20 | 93.44 | 1,868.80 | 336.38 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Пописна листа - основни средства, А4 формат, минимум 1/100 листови | кочан | 93 | 67.96 | 6,320.28 | 1,137.65 |
| 6 | Пописна листа - ситен инвентар, А3 формат, минимум 1/100 листови | кочан | 93 | 101.93 | 9,479.49 | 1,706.31 |
| 7 | Книга на влезни фактури, Б4 формат, минимум 100 листа | парче | 31 | 94.65 | 2,934.15 | 528.15 |
| 8 | Интерно доставна книга, Б4 формат, минимум 100 листа | парче | 95 | 94.65 | 8,991.75 | 1,618.52 |
| 9 | Патен налог за службени возила (образец), минимум 100 листа | кочан | 100 | 46.11 | 4,611.00 | 829.98 |
| 10 | Налог за книжење (образец А4) минимум 100 листови | кочан | 60 | 46.11 | 2,766.60 | 497.99 |
| 11 | Образец ЗО-1, минимум 100 листа | кочан | 40 | 67.96 | 2,718.40 | 489.31 |
| 12 | Образец М1/М2, минимум 100 листа | кочан | 40 | 60.67 | 2,426.80 | 436.82 |
| 13 | Образец М4, минимум 100 листа | кочан | 40 | 72.81 | 2,912.40 | 524.23 |
| 14 | Образец М- 8, минимум 100 листа | кочан | 40 | 72.81 | 2,912.40 | 524.23 |
| 15 | Стик блокче самолепливо со минимум димензии 75х75 мм, најмалку 1/100 листа | парче | 2000 | 10.04 | 20,080.00 | 3,614.40 |
| | **ПРИБОР ЗА АРХИВИРАЊЕ** | | | | | |
| 16 | Папка со шетачки метален механизам, со прозирна пластифицирана прва страна А4 формат, пластична | парче | 200 | 6.53 | 1,306.00 | 235.08 |
| 17 | Регистратори А4 широки, со кутија изработен од сива лепенка и облепен со хартија во боја, ширина минимум 8 цм, во повеќе бои | парче | 2500 | 56.49 | 141,225.00 | 25,420.50 |
| 18 | Пластични папки за одлагање на документи А4 формат Л формат минимум 80 микрони | парче | 200 | 1.82 | 364.00 | 65.52 |
| | **ПРИБОР ЗА ПИШУВАЊЕ** | | | | | |
| 19 | Хемиско пенкало (траг од 0,5 мм до 0,7 мм), во сина боја | парче | 1000 | 2.01 | 2,010.00 | 100.50 |
| 20 | Хемиско пенкало (траг од 0,5 мм до 0,7 мм), во црвена боја | парче | 500 | 2.51 | 1,255.00 | 62.75 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | Молив без гума со тврдина на графит НВ | парче | 310 | 2.26 | 700.60 | 35.03 |
| 22 | Патент молив минимум 0,5со метална клипса | парче | 50 | 9.29 | 464.50 | 23.23 |
| 23 | Мини за патент молив минимум 0,5,1/12минци во кутија | парче | 20 | 6.90 | 138.00 | 24.84 |
| 24 | Маркер текст за потцртување на текст за еднократна употреба (во различни бои) | парче | 1000 | 5.02 | 5,020.00 | 903.60 |
| 25 | Маркери за бела табла, пакување од 1/4 во црна, сина, зелена и црвена боја | пакување | 31 | 40.17 | 1,245.27 | 224.15 |
| 26 | Острилка метална | парче | 62 | 4.14 | 256.68 | 12.83 |
| 27 | Гума за бришење молив минимум 20х20х10мм | парче | 200 | 1.51 | 302.00 | 15.10 |
| | **КАНЦЕЛАРИСКИ ПРИБОР** | | | | | |
| 28 | Хефт иглици N. 24/6 пакување од најмалку 1/1000 | пакување | 4000 | 5.02 | 20,080.00 | 3,614.40 |
| 29 | Хефт иглици N. 23/6 пакување од најмалку 1/1000 | пакување | 155 | 13.06 | 2,024.30 | 364.37 |
| 30 | Хефт иглици N. 23/8 пакување од најмалку 1/1000 | пакување | 155 | 15.69 | 2,431.95 | 437.75 |
| 31 | Хефт иглици N. 23/10 пакување од најмалку 1/1000 | пакување | 155 | 16.32 | 2,529.60 | 455.33 |
| 32 | Празна магнетна кутија за спојувалки минимум висина 9,5см ширина 4,5см | парче | 500 | 16.32 | 8,160.00 | 1,468.80 |
| 33 | Дехефталка за отхефтување | парче | 155 | 12.93 | 2,004.15 | 360.75 |
| 34 | Ножици канцелариски со ПВЦ дршка и нож од челик од 13-20 цм | парче | 155 | 16.32 | 2,529.60 | 455.33 |
| 35 | Селотејп, димензии минимум 15ммх33 м | парче | 500 | 3.14 | 1,570.00 | 282.60 |
| 36 | Лепак во туба универзален, прозирен, минимум 20гр | парче | 155 | 10.67 | 1,653.85 | 297.69 |
| 37 | Универзално лепило во форма на маркер (стик), прозирно минимум 15гр | парче | 155 | 13.18 | 2,042.90 | 367.72 |
| 38 | Најлонски УП папки за документи, перфорирани, А4 формат, од минимум 30 микрони, 1/100 | пакување | 800 | 56.49 | 45,192.00 | 8,134.56 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 39 | Батерии АА 1,5V, алкални | парче | 200 | 10.67 | 2,134.00 | 384.12 |
| 40 | Батерии ААА 1,5V, алкални | парче | 200 | 10.04 | 2,008.00 | 361.44 |
| 41 | USB минимум 16 GB | парче | 190 | 154.41 | 29,337.90 | 5,280.82 |
| 42 | Индекс ливчиња (обележувачи за страници) самолепливи, во разни бои во пакување од минимум 5x20 | пакување | 100 | 13.18 | 1,318.00 | 237.24 |

Вкупната вредност на предметот на договорот за јавната набавка од член 1 на овој Договор изнесува 1.236.214,05 (еден милион двеста триесет и шест илјади двеста и четиринаесет денари и пет дени) односно **заокружено 1.236.214,00 (еден милион двеста триесет и шест илјади двеста и четиринаесет денари)** без вклучен ДДВ.

Во вкупната цена се засметани сите трошоци и попусти, а вредноста на ДДВ е искажана посебно.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува 221.870,23 денари, односно **заокружено 221.870,00 денари.**

Вкупната вредност на овој Договор со вклучен ДДВ изнесува **1.458.084,00 МКД (еден милион четиристотини педесет и осум илади осумдесет и четири денари).**

## V. РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

Член 4

Цената искажана во понудата на Носителот на набавката е фиксна и не е предмет на било какви прилагодувања за време на извршувањето на Договорот.

## VI. НАЧИН И РОК НА ИСПОРАКА

Член 5

Носителот на набавката е должен стоките кои се предмет на набавка да ги испорача франко магацин на договорниот орган лоциран во Скопје, во рок од 15 дена од денот на склучување на договорот за јавна набавка.

## VII. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ

Член 6

Договорниот орган е должен примените стоки на вообичаен начин да ги прегледа или да ги даде на преглед, штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите недостатоци да го извести Носителот на набавката во рок од осум дена.
Кога прегледот е извршен во присуство на двете страни, договорниот орган е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на Носителот на набавката веднаш, инаку го губи правото што му припаѓа врз таа основа.

Член 7

Кога по приемот на стоките од страна на Договорниот орган ќе се покаже дека стоките имаат некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при нивното превземање (скриен недостаток), Договорниот орган е должен за тој недостаток да го извести Носителот на набавката во рок од осум дена, сметајќи од денот кога го открил недостатокот.
Носителот на набавката не одговара за недостатоците што ќе се покажат откако ќе изминат шест месеци од предавањето на стоките, освен ако со овој договор не е определен подолг рок.

Член 8

Во известувањето за недостатокот на стоките Договорниот орган е должен поблиску да го опише недостатокот и да го повика Носителот на набавката да ги прегледа стоките.

Ако известувањето за недостатокот, кое Договорниот орган навремено го испратил до Носителот на набавката со препорачано писмо, телеграма, или на некој друг сигурен начин, задоцни или воопшто не стигне до Носителот на набавката, се смета дека Договорниот орган ја извршил својата обврска да го извести Носителот на набавката.

Член 9

Договорниот орган не го губи правото да се повика на некој недостаток и кога не ја извршил својата обврска стоките да ги прегледа без одлагање, или обврската во определениот рок да го извести Носителот на набавката за постоењето на недостатокот, како и кога недостатокот се покажал дури по истекот на шест месеци од предавањето на стоките, ако тој недостаток му бил познат на Носителот на набавката или не можел да му остане непознат.

Член 10

Договорниот орган кој навремено и уредно го известил Носителот на набавката за недостатокот може:

1) да бара од Носителот на набавката да го отстрани недостатокот или да му предаде друга стока/и без недостаток (исполнување на договорот) во дополнителен примерен рок од 8 дена,
2) да бара намалување на цената или да изјави дека го раскинува договорот доколку не го добие бараното исполнување на договорот во разумен рок.

Член 11

Договорниот орган може да го раскине договорот и без оставање на дополнителен рок ако Носителот на набавката, по известувањето за недостатоците, му соопштил дека нема да го исполни договорот, или ако од околностите на конкретниот случај очигледно произлегува дека Носителот на набавката не ќе може да го исполни договорот ни во дополнителниот рок.

Член 12

Кога поради некој недостаток дошло до испорака на друга стока/и, роковите од членовите 6 и 7 на овој Договор почнуваат да течат од предавањето на друга стока/и.

## VIII. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 13

Навременото и квалитетно извршување на Договорот, според условите од истиот, Носителот на набавката го гарантира со доставување на безусловна банкарска гаранција издадена од реномирана (респектабилна) банкарска институција, во висина од 10% од вредноста на Договорот.

Договорниот орган може да ја наплати гаранцијата поради повреда на договорните обврски од страна на Носителот на набавката.

Доколку дојде до наплата на гаранцијата, истото ќе резултира со издавање на негативна референца за предметниот Носител на набавката, на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки.

Во услови на навремено и квалитетно извршување на обврските, гаранцијата му се враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на Договорот.

## IX. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 14

Плаќањето на стоките кои се предмет на набавка ќе се изврши во рок од најмногу 15 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган на ул. "Васил Ѓоргов" бр.43-Скопје, на банкарска сметка посочена од страна на Носителот на набавката.

Фактурата мора да биде придружена со испратница, потпишана од овластени лица на двете договорни страни.

**X. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 15

Овој договорот стапува во сила на денот на потпишување на Договорот од двете договорни страни и важи за период од 8 месеци.

**XI. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

Член 16

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

**XI. ВИША СИЛА**

Член 17

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**XII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Член 18

Договорните страни може да ги изменат и/или дополнат одредбите од овој Договор само спогодбено со склучување Анекс на Договорот доколку се исполенти условите согласно член 119 од Законот за јавните набавки.

Договорната страна која бара измени и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Измените и дополнувањата на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 19

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава Основен Граѓански Суд Скопје.

Член 20

За следење на реализацијата на овој договор, Договорниот орган ги определува лицето Мери Трајковска, вработена кај Договорниот орган, која има задача по целосна реализација на договорот, да достави известување за реализиран договор до Одделението за јавни набавки.

Член 21

Овој Договор е составен во 5 (пет) еднакви примероци, од кои 3 (три) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

Договорен орган
**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Весна Пешова
Претседател на Комисија за јавна набавка
Марија Петровска
Соработник за јавни набавки
Фросина Велковска-Петковска
Раководител на Одделение за нормативни и правно-административни работи

Директор
Билјана Јовановска

Носител на набавката
**Друштво за внатрешна и надворешна трговија ТОЗ-МК ДОО Скопје**

Управител
Илчо Петровски